**BRIMA**
*Macedonian member of GALLUP International and*
*Associate of Taylor Nelson Sofres*

# СТАВОВИ И МИСЛЕЊА НА БИЗНИС СЕКТОРОТ ЗА ЦРВЕНИОТ КРСТ НА РЕПУБЛИКА. МАКЕДОНИЈА

## *Аналитички извештај*

*ФЕВРУАРИ/ МАРТ 2008*

***"Treta Makedonska Brigada" b.b., 1000 Skopje MACEDONIA***
Tel/fax: ++389(02) 2468447, 2462284 E-mail: office@brima-gallup.com.mk
Reg.No 4392/99 VAT No. MK 4030999372067

# МЕТОДОЛОШКИ ИЗВЕШТАЈ

Истражувањето е спроведено со теренска анкета, на бизнис секторот во Македонија со која се опфатени 151 испитаници кои имаат право на донесување на одлуки или право на учество во донесување на одлуки во претпријатието.

Во првата фаза беше одреден бројот на испитаници во зависност од големината на претпријатието односно од бројот на вработени (мало претпријатие од 1 до 10 вработени; средно претпријатие од 11 до 50 вработени и големо претпријатие од 51+ вработени)

Во втората фаза, беше селектиран испитаникот кој што има право на донесување / учествува во донесување на одлуки во претпријатието.

Истражувањето беше спроведено на **151** испитаник од кои:

- Мали претпријатија **37**
- Средни претпријатија **71**
- Големи претпријатија **43**

Анкетирани беа испитаници кои имаат право на донесување на одлуки во претпријатието што подразбира:

- Сопственик/Косопственик на претпријатие **73**
- Повисок менаџер/ директор, менаџер **49**
- Среден менаџер/ главен на некој сектор/оддел **29**

На следната табела е прикажана дистрибуцијата на испитаници според големина на претпријатието:

| | | | Големина на претпријатието | | | Тотал |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Мало претпријатие (од 1 до 10 вработени) | Средно претпријатие (од 11 до 50 вработени) | Големо претпријатие (51+ вработени) | |
| Која е Вашата позиција во претприја-тието? | Сопственик-Косопственик на претпријатие | | 30 | 35 | 8 | 73 |
| | | | 81.1% | 49.3% | 18.6% | 48.3% |
| | Повисок менаџер-директор, менаџер | | 4 | 20 | 25 | 49 |
| | | | 10.8% | 28.2% | 58.1% | 32.5% |
| | Среден менаџер- главен на некој сектор | | 3 | 16 | 10 | 29 |
| | | | 8.1% | 22.5% | 23.3% | 19.2% |
| Тотал | | | 37 | 71 | 43 | 151 |
| | | | 100.0% | 100.0% | 100.0% | 100.0% |

Истражувањето траеше од **26ти** Февруари до **14ти** Март 2008 година и беше спроведено со тим од **26** анкетари.

На семинар одржан на **25ти** Февруари пред почетокот на истражувањето анкетарите покрај другото добија инструкции:

- да не ги читаат опциите “Не знае”
- прецизно да ја пополнат секција за големината на претпријатието и позицијата на испитаникот во претпријатието

Податоците беа обработени во БРИМА, а за добивање на резултатите беа користени специфични методи од **SPSS** посебна статистичка софтверска програма, која овозможи квалитетно сумирање и анализа на резултатите со помош на статистички методи. Адекватноста на позицијата на секој одговор е подредена за секое прашање.

БРИМА Скопје, 28.03.2008

# АНАЛИЗА

Анализата се базира на основа на податоци добиени со теренска анкета, спроведена на бизнис секторот во Македонија со која се опфатени 151 испитаници кои имаат право на донесување на одлуки или право на учество во донесување на одлуки во претпријатието.

Анкетата е спроведена од 26ти Февруари- 14ти Март 2008 .

## 1.1 Информираност со активностите на Црвениот Крст на РМ

### Т1. Колку сте запознаени со активностите на Црвениот Крст на Република Македонија?

***Табела 1***

Т1 Колку сте запознаени со активностите на Црвениот Крст на РМ?

| | | испитаници | % |
|---|---|---|---|
| | Добро сум запознаен | 30 | 19,9 |
| | Запознаен сум, но не доволно | 100 | 66,2 |
| | Воопшто не сум запознаен | 21 | 13,9 |
| | Тотал | 151 | 100,0 |

20% од испитаниците од бизнис секторот истакнале дека се добро запознаени со активностите кои Црвениот Крст ги превзема во Република Македонија, 66 % истакнале дека се донекаде запознаени но не доволно и 14% од испитаниците кои категорично се изјасниле дека воопшто не се запознаени со активностите на Црвениот Крст во Република Македонија.

***Табела 2***

| | | Големина на претпријатието | | | Тотал |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Мало претпријатие (од 1 до 10 вработени) | Средно претпријатие (од 11 до 50 вработени) | Големо претпријатие (51+ вработени) | |
| Колку сте запознаени со активностите на Црвениот Крст на РМ? | Запознаен сум, но не доволно | 59.5% | 66.2% | 72.1% | 66.2% |
| | Добро сум запознаен | 21.6% | 21.1% | 16.3% | 19.9% |
| | Воопшто не сум запознаен | 18.9% | 12.7% | 11.6% | 13.9% |
| Тотал | | 100.0% | 100.0% | 100.0% | 100% |

Во горната Табела е направено вкрстување на податоците при што се забележува, дека во однос на запознаеноста со активностите на Црвениот Крст, колку е поголемо претпријатието толку е поголема запознаеноста со неговите активности, па така кај малите претпријатија тој процент изнесува 81,1%, кај средните претпријатија 87,3%, а кој големите 88,4% (процентите кои се однесуваат на запознаеноста со активностите се агрегирани).

**Т2. Според ваше мислење кои се основните активности на Црвениот крст на Република Македонија?**

***Табела 3***

| | | испитаници | % |
|---|---|---|---|
| Т2 Кои се основните активности на Црвениот Крст на РМ? | Хуманитарна помош | 130 | 86,1% |
| | Превентивни програми за здравствена заштита | 88 | 58,3% |
| | Програми за дејствување во случај на катастрофи | 63 | 41,7% |
| | Ширење на знаења за ЦК и Мегународно хуманитарно право | 41 | 27,2% |
| | Работа со млади | 25 | 16,6% |
| | Не знам | 3 | 2,0% |
| Тотал | | 151 | 231,8% |

Во однос на прашањето кое се однесува на основните активности на Црвениот Крст во РМ испитаниците имаа можност за повеќе одговори. Највисокиот процент односно најчесто споменувана е всушност и примарната активност на Црвениот Крст-хуманитарната помош.

На второ место се издвоени превентивните програми за здравствена заштита и на трето место како основна активност на Црвениот Крст се издвоени програмите за дејствување во случај на катастрофи.

***Табела 4***

| | | Големина на претпријатието | | | Тотал |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Мало претпријатие (од 1 до 10 вработени) | Средно претпријатие (од 11 до 50 вработени) | Големо претпријатие (51+ вработени) | |
| Кои се основните активности на Црвениот Крст на РМ? | Хуманитарна помош | 83.8% | 87.3% | 86.0% | 86.1% |
| | Превентивни програми за здравствена заштита | 70.3% | 53.5% | 55.8% | 58.3% |
| | Програми за дејствување во случај на катастрофи | 51.4% | 39.4% | 37.2% | 41.7% |
| | Ширење на знаења за ЦК и Меѓународно хуманитарно право | 24.3% | 26.8% | 30.2% | 27.2% |
| | Работа со млади | 16.2% | 19.7% | 11.6% | 16.6% |
| | Не знам | 2.7% | | 4.7% | 2.0% |
| Тотал | | 248.6% | 226.8% | 225.6% | 232% |

Без оглед на големината на претпријатието, дали е тоа мало, средно или големо, хуманитарната помош е оценета како основна активност на Црвениот Крст. На второ место како основна активност се наведуваат превентивните програми за здравствена заштита при што забележително е дека малите претпријатија повеќе ја истакнуваат оваа активност во однос на средните и големите претпријатија.

## 1.2 На кои луѓе Црвениот Крст на РМ најмногу им помага

**Т3. Според Ваше мислење на кои луѓе Црвениот крст на Република Македонија најмногу им помага?**

***Табела 5***

| | | испитаници | % |
|---|---|---|---|
| Т3 На кои луѓе Црвениот Крст на РМ најмногу им помага? | Бегалци и раселени лица | 99 | 65,6% |
| | Социјални случаи | 86 | 57,0% |
| | Жртви на природни катастрофи | 80 | 53,0% |
| | Болни и повредени | 61 | 40,4% |
| | Сирачиња и самохрани мајки | 60 | 39,7% |
| | Хендикепирани лица | 59 | 39,1% |
| | Постари лица | 23 | 15,2% |
| | Не знам | 7 | 4,6% |
| Тотал | | 151 | 314,6% |

Дистрибуцијата на одговори која се однесува на прашањето за луѓето на кои Црвениот Крст најмногу им помага, ни покажува дека бегалците, социјалните случаи и жртвите на природните катастрофи се трите највисоко рангирани целни групи.

***Табела 6***

| | | Големина на претпријатието | | | Тотал |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Мало претпријатие (од 1 до 10 вработени) | Средно претпријатие (од 11 до 50 вработени) | Големо претпријатие (51+ вработени) | |
| На кои луѓе Црвениот Крст на РМ најмногу им помага? | Бегалци и раселени лица | 78.4% | 62.0% | 60.5% | 65.6% |
| | Социјални случаи | 54.1% | 54.9% | 62.8% | 57.0% |
| | Жртви на природни катастрофи | 62.2% | 46.5% | 55.8% | 53.0% |
| | Болни и повредени | 45.9% | 38.0% | 39.5% | 40.4% |
| | Сирачиња и самохрани мајки | 45.9% | 31.0% | 48.8% | 39.7% |
| | Хендикепирани лица | 35.1% | 42.3% | 37.2% | 39.1% |
| | Постари лица | 18.9% | 12.7% | 16.3% | 15.2% |
| | Не знам | 2.7% | 2.8% | 9.3% | 4.6% |
| Тотал | | 343.2% | 290.1% | 330.2% | 315% |

Малите и средните претпријатија најчесто истакнуваат дека Црвениот Крст најмногу им помага на бегалците и раселните лица, додека пак претставниците на големите претпријатија најчесто ги спомнуваат социјалните случаи.

## 1.3 Репутација која Црвениот Крст ја ужива во Република Македонија

**Т4. Во која мера се согласувате или не со секое од тврдењата, користејќи ја скалата од 1 до 4 каде 1 значи “Потполно се согласувам”, 2 - “Донекаде се согласувам”, 3 - “Донекаде не се согласувам”, а 4 – “Воопшто не се согласувам”.**

Испитаниците од бизнис секторот кои земаа учество во ова истражување имаа можност во осум наведени тврдења да го вметнат својот одговор односно својата согласност за секое од тврдењата.
На следната табела се наведени одговорите на испитаниците, агрегирани "потполно се согласувам" и "донекаде се согласувам".

***Табела 7***

| **Агрегирани одговорите "потполно се согласувам" и "донекаде се согласувам"** | % |
|---|---|
| Црвениот Крст е организација на која секој може да се потпре | 77.5 |
| Црвениот Крст е организација исклучиво посветена на пружање помош на оние на кои најмногу им е потребна | 82.8 |
| Црвениот Крст е старомодна организација | 43.0 |
| Црвениот крст е организација која пружа помош на оние кои имаат најдобри врски | 35.1 |
| Црвениот крст е бирократска организација | 37.1 |
| Црвениот крст е организација која има многу канцеларии во целата земја | 55.6 |
| Црвениот крст е организација во која што може да членува секој | 75.5 |
| Црвениот крст е организација која реагира навремено кога е потребно | 70.9 |

Преку горната Табела се согледува позитивната тенденција и висока согласност дека Црвениот Крст е организација која е посветена на целите за кои се залага.

Дистрибуцијата на одговорите во однос на секое наведено тврдење со големината на анкетираните претпријатија, се прикажани подолу:

***Табела 7,1.***

| | | Големина на претпријатието | | | Тотал |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Мало претпријатие (од 1 до 10 вработени) | Средно претпријатие (од 11 до 50 вработени) | Големо претпријатие (51+ вработени) | |
| Црвениот Крст е организација на која секој може да се потпре | Донекаде се согласувам | 51.4% | 62.0% | 65.1% | 60.3% |
| | Потполно се согласувам | 16.2% | 16.9% | 18.6% | 17.2% |
| | Донекаде не се согласувам | 10.8% | 11.3% | 11.6% | 11.3% |
| | Воопшто не се согласувам | 18.9% | 7.0% | 2.3% | 8.6% |
| | Не знае | 2.7% | 2.8% | 2.3% | 2.6% |
| Тотал | | 100.0% | 100.0% | 100.0% | 100.0% |

***Табела 7,2***

| | | Големина на претпријатието | | | Тотал |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Мало претпријатие (од 1 до 10 вработени) | Средно претпријатие (од 11 до 50 вработени) | Големо претпријатие (51+ вработени) | |
| Црвениот Крст е организација исклучиво посветена на пружање помош на оние на кои најмногу им е потребна | Донекаде се согласувам | 35.1% | 47.9% | 41.9% | 43.0% |
| | Потполно се согласувам | 43.2% | 36.6% | 41.9% | 39.7% |
| | Донекаде не се согласувам | 13.5% | 11.3% | 14.0% | 12.6% |
| | Воопшто не се согласувам | 8.1% | 2.8% | | 3.3% |
| | Не знае | | 1.4% | 2.3% | 1.3% |
| Тотал | | 100.0% | 100.0% | 100.0% | 100.0% |

***Табела 7,3***

| | | Големина на претпријатието | | | Тотал |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Мало претпријатие (од 1 до 10 вработени) | Средно претпријатие (од 11 до 50 вработени) | Големо претпријатие (51+ вработени) | |
| Црвениот Крст е старомодна организација | Донекаде се согласувам | 24.3% | 32.4% | 27.9% | 29.1% |
| | Воопшто не се согласувам | 32.4% | 28.2% | 23.3% | 27.8% |
| | Донекаде не се согласувам | 18.9% | 21.1% | 32.6% | 23.8% |
| | Потполно се согласувам | 16.2% | 12.7% | 14.0% | 13.9% |
| | Не знае | 8.1% | 5.6% | 2.3% | 5.3% |
| Тотал | | 100.0% | 100.0% | 100.0% | 100.0% |

***Табела 7,4***

| | | Големина на претпријатието | | | Тотал |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Мало претпријатие (од 1 до 10 вработени) | Средно претпријатие (од 11 до 50 вработени) | Големо претпријатие (51+ вработени) | |
| Црвениот крст е организација која пружа помош на оние кои имаат најдобри врски | Воопшто не се согласувам | 37.8% | 31.0% | 39.5% | 35.1% |
| | Донекаде не се согласувам | 27.0% | 26.8% | 25.6% | 26.5% |
| | Донекаде се согласувам | 21.6% | 29.6% | 20.9% | 25.2% |
| | Потполно се согласувам | 10.8% | 8.5% | 11.6% | 9.9% |
| | Не знае | 2.7% | 4.2% | 2.3% | 3.3% |
| Тотал | | 100.0% | 100.0% | 100.0% | 100.0% |

***Табела 7,5***

| | | Големина на претпријатието | | | Тотал |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Мало претпријатие (од 1 до 10 вработени) | Средно претпријатие (од 11 до 50 вработени) | Големо претпријатие (51+ вработени) | |
| Црвениот крст е бирократска организација | Воопсто не се согласувам | 32.4% | 31.0% | 23.3% | 29.1% |
| | Донекаде не се согласувам | 16.2% | 22.5% | 30.2% | 23.2% |
| | Донекаде се согласувам | 27.0% | 18.3% | 25.6% | 22.5% |
| | Потполно се согласувам | 13.5% | 16.9% | 11.6% | 14.6% |
| | Не знае | 10.8% | 11.3% | 9.3% | 10.6% |
| Тотал | | 100.0% | 100.0% | 100.0% | 100.0% |

***Табела 7,6***

| | | Големина на претпријатието | | | Тотал |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Мало претпријатие (од 1 до 10 вработени) | Средно претпријатие (од 11 до 50 вработени) | Големо претпријатие (51+ вработени) | |
| Црвениот крст е организација која има многу канцеларии во целата земја | Потполно се согласувам | 27.0% | 29.6% | 30.2% | 29.1% |
| | Донекаде се согласувам | 27.0% | 26.8% | 25.6% | 26.5% |
| | Не знае | 13.5% | 22.5% | 20.9% | 19.9% |
| | Донекаде не се согласувам | 24.3% | 12.7% | 16.3% | 16.6% |
| | Воопсто не се согласувам | 8.1% | 8.5% | 7.0% | 7.9% |
| Тотал | | 100.0% | 100.0% | 100.0% | 100.0% |

***Табела 7,7***

| | | Големина на претпријатието | | | Тотал |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Мало претпријатие (од 1 до 10 вработени) | Средно претпријатие (од 11 до 50 вработени) | Големо претпријатие (51+ вработени) | |
| Црвениот крст е организација во која што може да членува секој | Потполно се согласувам | 56.8% | 56.3% | 60.5% | 57.6% |
| | Донекаде се согласувам | 18.9% | 18.3% | 16.3% | 17.9% |
| | Не знае | 13.5% | 14.1% | 16.3% | 14.6% |
| | Донекаде не се согласувам | 5.4% | 9.9% | | 6.0% |
| | Воопсто не се согласувам | 5.4% | 1.4% | 7.0% | 4.0% |
| Тотал | | 100.0% | 100.0% | 100.0% | 100% |

***Табела 7,8***

| | | Големина на претпријатието | | | Тотал |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Мало претпријати е (од 1 до 10 вработени) | Средно претпријатие (од 11 до 50 вработени) | Големо претпријатие (51+ вработени) | |
| Црвениот крст е организација која реагира навремено кога е потребно | Донекаде се согласувам | 43.2% | 40.8% | 48.8% | 43.7% |
| | Потполно се согласувам | 21.6% | 25.4% | 34.9% | 27.2% |
| | Донекаде не се согласувам | 16.2% | 18.3% | 7.0% | 14.6% |
| | Воопсто не се согласувам | 13.5% | 8.5% | 7.0% | 9.3% |
| | Не знае | 5.4% | 7.0% | 2.3% | 5.3% |
| Тотал | | 100.0% | 100.0% | 100.0% | 100.0% |

**Т5. Според Ваше мислење дали Црвениот крст на РМ ужива (има):**

Високата репутација која Црвениот Крст ја ужива во Република Македонија се гледа во 88% на позитивни одговори од испитаниците од бизнис секторот во Македонија. Имено, 11% од нив истакнале дека Црвениот Крст ужива многу добра репутација додека 77% истакнале дека репутацијата на Црвениот Крст во општеството е донекаде добра.

***Табела 8***

| | | Големина на претпријатието | | | Тотал |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Мало претпријатие (од 1 до 10 вработени) | Средно претпријатие (од 11 до 50 вработени) | Големо претпријатие (51+ вработени) | |
| Дали Црвениот Крст на РМ ужива: | Донекаде добра репутација во општеството | 73.0% | 74.6% | 83.7% | 76.8% |
| | Многу добра репутација во општеството | 10.8% | 12.7% | 9.3% | 11.3% |
| | Донекаде лоша репутација во општеството | 13.5% | 8.5% | 7.0% | 9.3% |
| | Многу лоша репутација во општеството | | 2.8% | | 1.3% |
| | Не знае | 2.7% | 1.4% | | 1.3% |
| Тотал | | 100.0% | 100.0% | 100.0% | 100.0% |

Висок процент (88,1%) од претпријатијата истакнале дека Црвениот Крст ужива многу добра или донекаде добра репутација, при што кај малите претпријатија тој процент изнесува 83,8%, кај средните е повисок и изнесува 87,3%, а кај големите уште повисок и изнесува 93% (процентите кои се однесуваат на репутацијата се добиени по пат на агрегирање на одговорите “многу добра репутација” и “донекаде добра репутација”).

**Т6. Дали во последните шест месеци сте слушнале/виделе нешто во врска со активностите на Црвениот крст на РМ?**

**Т7. Каде сте слушнале/виделе нешто во врска со активностите на Црвениот крст на РМ?**

***Табела 9***

| | | испитаници | % |
|---|---|---|---|
| Т7 Каде сте слушнале-виделе нешто за активностите на ЦКРМ? | На ТВ | 73 | 83,0% |
| | Во дневниот печат | 38 | 43,2% |
| | На радио | 18 | 20,5% |
| | Теренски активности | 14 | 15,9% |
| | Слушнал од роднини или пријатели | 13 | 14,8% |
| | Памфлети или брошури | 10 | 11,4% |
| | Интернет | 6 | 6,8% |
| | Светлечки реклами- билборди | 4 | 4,5% |
| | Магазини | 2 | 2,3% |
| | Не знам | 1 | 1,1% |
| Тотал | | 88 | 203,4% |

Околу 58% од испитаниците истакнале дека во последните 6 месеци забележале некаква информација која се однесува на активностите на Црвениот Крст во РМ.
Од нив најголемиот број информациите ги забележале преку средствата за јавно информирање (ТВ, дневниот печат, радио).

***Табела 10***

| | | Големина на претпријатието | | | Тотал |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Мало претпријатие (од 1 до 10 вработени) | Средно претпријатие (од 11 до 50 вработени) | Големо претпријатие (51+ вработени) | |
| Каде сте слушнале/ виделе нешто за активностите на ЦКРМ? | На ТВ | 88.2% | 83.3% | 79.3% | 83.0% |
| | Во дневниот печат | 47.1% | 40.5% | 44.8% | 43.2% |
| | На радио | 23.5% | 19.0% | 20.7% | 20.5% |
| | Теренски активности | 11.8% | 11.9% | 24.1% | 15.9% |
| | Слушнал од роднини или пријатели | 23.5% | 11.9% | 13.8% | 14.8% |
| | Памфлети или брошури | 17.6% | 4.8% | 17.2% | 11.4% |
| | Интернет | 5.9% | 4.8% | 10.3% | 6.8% |
| | Светлечки реклами-билборди | 5.9% | 2.4% | 6.9% | 4.5% |
| | Магазини | 5.9% | 2.4% | | 2.3% |
| | Не знам | | 2.4% | | 1.1% |
| Тотал | | 229.4% | 183.3% | 217.2% | 203.4% |

Разгледувано по големина на претпријатието, се забележува дека Телевизијата и дневниот печат се главните извори на информирање на претпријатијата за активностите на Црвениот Крст на Макаедонија. Телевизијата како масовен медиум е за двојно повеќе споменуван во однос на второрангираниот медиум (дневниот печат - кој пак е за двојно повеќе споменуван од трето рангираниот).

**Т8. Каква е Вашата општа проценка на начинот како активностите на Црвениот крст на РМ се прикажуваат во медиумите?**

Во однос на проценката на испитаниците за начинот како активностите на Црвениот Крст на РМ се прикажуваат во медиумите, се забележуваат високи 93% на позитивни одговори (агрегирани одговорите позитивно и донекаде позитивно).

***Табела 11***

| | | Големина на претпријатието | | | Тотал |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Мало претпријати е (од 1 до 10 вработени) | Средно претпријатие (од 11 до 50 вработени) | Големо претпријатие (51+ вработени) | |
| Каква е Вашата проценка на начинот како активностите на Црвениот Крст на РМ се прикажуваат во медиумите? | Донекаде позитивно | 45.9% | 49.3% | 46.5% | 47.7% |
| | Позитивно | 45.9% | 40.8% | 51.2% | 45.0% |
| | Не знае | 2.7% | 4.2% | 2.3% | 3.3% |
| | Негативно | 5.4% | 2.8% | | 2.6% |
| | Донекаде негативно | | 2.8% | | 1.3% |
| Тотал | | 100.0% | 100.0% | 100.0% | 100.0% |

Во однос на проценката на начинот како активностите на Црвениот Крст се прикажуваат во медиумите, кај претставниците на големите претпријатија не е забележан ниту еден негативен одговор. Имено, позитивните проценки преовладуваат кај сите интервјуирани претпријатија без разлика на нивната големина (само околу 5% од одговорите на претставниците на малите и на средните претпријатија се однесуваат на негативна проценка на прикажувањето на активностите на ЦКРМ во медиумите).

## Т9. Споредба на Црвениот Крст со други невладини/ хуманитарни организации

Што се однесува до споредбата на Црвениот Крст со други хуманитарни организации повеќе од половина испитаници истакнале дека повеќе му веруваат на Црвениот Крст отколку на другите одрганизации. Околу 8% од испитаниците истакнале дека помалку му веруваат на Црвениот Крст и околу 36% истакнале дека нема разлика помеѓу Црвениот Крст и другите хуманитарни организации.

***Табела 12***

| | | Големина на претпријатието | | | Тотал |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Мало претпријатие (од 1 до 10 вработени) | Средно претпријатие (од 11 до 50 вработени) | Големо претпријатие (51+ вработени) | |
| Кога би го споредиле Црвениот крст со други невладини-хуманитарни организации, Вие: | Повеќе му верувам на Црвениот крст | 48.6% | 54.9% | 58.1% | 54.3% |
| | Нема разлика | 43.2% | 31.0% | 37.2% | 35.8% |
| | Помалку му верувам на Црвениот крст | 5.4% | 11.3% | 4.7% | 7.9% |
| | Одбива да одговори | 2.7% | 1.4% | | 1.3% |
| | Не им верувам на хуманитарните организации воопшто | | 1.4% | | .7% |
| Тотал | | 100.0% | 100.0% | 100.0% | 100% |

Најголемиот процент на претпријатијата (48,6% од малите, 54,9% од средните и 58,1% од големите) повеќе му веруваат на Црвениот Крст во однос на било која друга хуманитарна организација, додека 43,2% од малите, 31% од средните и 37,2% од големите претпријатија рекле дека од нивна гледна точка нема разлика помеѓу хуманитарните организации. Од претпријатијата кои рекле дека помалку му веруваат на Црвениот Крст во однос на другите хуманитарни организации, 11,3% биле од средните претпријатија, 5,4% од малите претпријатија и 4,7% од големите претпријатија. Во основа претставниците на анкетираните средни претпријатија се најскептични околу довербата не само на Црвениот Крст туку и на хуманитарните организации воопшто.

## 1.4 Финансирањето на Црвениот Крст

**Т10. Што мислите, како Црвениот крст првенствено се финансира?**

***Табела 13***

| | | испитаници | % |
|---|---|---|---|
| Т10 Како Црвениот крст првенствено се финансира? | Со донации од останатите организации на ЦК ширум светот | 92 | 60,9% |
| | Со помош на меѓународни организации или луѓе | 72 | 47,7% |
| | Со помош на фондации | 69 | 45,7% |
| | Државата | 59 | 39,1% |
| | Со помош на индивидуални донации | 47 | 31,1% |
| | Од страна на бизнис луѓе | 37 | 24,5% |
| | Со помош на членарина | 22 | 14,6% |
| | Со продажба на поштенски марки и разгледници | 22 | 14,6% |
| | Партнерска соработка со компании и останати субјекти | 6 | 4,0% |
| | Одбива да одговори | 6 | 4,0% |
| Тотал | | 151 | 286,1% |

Во однос на финансирањето на Црвениот Крст, испитаниците имаа можност за повеќе одговори. Највисокиот процент на одговори се однесува на донации од страна на останатите организации на Црвениот Крст ширум светот, а потоа следува одговорот со помош на меѓународни организации и луѓе итн. Дека Црвениот Крст превенствено се финансира со помош на фондации истакнале 45.7% од испитаниците претставници на претпријатијата а дека првенствено Државата го финансира Црвениот Крст истакнале 39.1% од испитаниците претставници на бизнис секторот.

***Табела 14***

| | | Големина на претпријатието | | | Тотал |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Мало претпријатие (од 1 до 10 вработени) | Средно претпријатие (од 11 до 50 вработени) | Големо претпријатие (51+ вработени) | |
| Како Црвениот крст првенствено се финансира? | Со донации од останатите организации на ЦК ширум светот | 67.6% | 56.3% | 62.8% | 60.9% |
| | Со помош на меѓународни организации или луѓе | 51.4% | 43.7% | 51.2% | 47.7% |
| | Со помош на фондации | 35.1% | 49.3% | 48.8% | 45.7% |
| | Државата | 35.1% | 45.1% | 32.6% | 39.1% |
| | Со помош на индивидуални донации | 27.0% | 29.6% | 37.2% | 31.1% |
| | Од страна на бизнис луѓе | 21.6% | 28.2% | 20.9% | 24.5% |
| | Со помош на членарина | 18.9% | 8.5% | 20.9% | 14.6% |
| | Со продажба на поштенски марки и разгледници | 18.9% | 11.3% | 16.3% | 14.6% |
| | Партнерска соработка со компании и останати субјекти | 2.7% | 1.4% | 9.3% | 4.0% |
| | Одбива да одговори | 5.4% | 2.8% | 4.7% | 4.0% |
| Тотал | | 283.8% | 276.1% | 304.7% | 286.1% |

Без разлика на големината на претпријатието претставниците на претпријатијата истакнувале дека главен извор на финансирање претставуваат донациите без разлика дали се тоа од организации на Црвениот Крст ширум светот, од меѓународни организации или луѓе или пак со помош на фондации.

**Т11. Според Вас, дали донациите (паричните средства и хуманитарната помош) кои се дадени на Црвениот Крст на РМ се користат за вистинската намена?**

Половината од испитаниците (51%) сметаат дека донациите кои се дадени на Црвениот Крст на Република Македонија понекогаш се користат за вистинската цел, додека 32% сметаат дека тие секогаш се на вистински начин употребени. 10% од вкупниот број на испитаници се сомневаат во користењето на донациите за цели кои се разликуваат од нивната вистинска намена, а 7% од испитаниците изразиле неможност да одговорат на оваа прашање.

***Табела 15***

| | | Големина на претпријатието | | | Тотал |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Мало претпријатие (од 1 до 10 вработени) | Средно претпријатие (од 11 до 50 вработени) | Големо претпријатие (51+ вработени) | |
| Дали донациите (паричните средства и хуманитарната помош) кои се дадени на Црвениот Крст на РМ се користат за вистинската намена? | Понекогаш се користат за вистинската намена | 56.8% | 57.7% | 34.9% | 51.0% |
| | Да, секогаш се користат за вистинската намена | 35.1% | 25.4% | 39.5% | 31.8% |
| | Не, секогаш се користат за други намени | 5.4% | 9.9% | 14.0% | 9.9% |
| | Не знае | 2.7% | 7.0% | 11.6% | 7.3% |
| Тотал | | 100.0% | 100.0% | 100.0% | 100% |

Дека донациите понекогаш се користат за вистинска намена, истакнале околу 57% од малите и средни претпријатија додека 35.1% од малите претпријатија односно 25% од анкетираните средни претпријатија истакнале дека средствата секогаш се користат за вистинската намена.

Дека донациите секогаш се користат за вистинската намена кај претставниците на големите претпријатија се гледа зголемување на процентите (во однос на малите и средните) и изнесува околу 40%

**T12. Ве молам кажете ми под кои услови Вашето претпријатие/компанија би соработувало со хуманитарна организација или донирала во некоја хуманитарна организација?**

***Табела 16***

| | | испитаници | % |
|---|---|---|---|
| Т12 Под кои услови би донирале во хуманитарна организација? | Ако сте точно запознаени за што би се користеле средствата | 90 | 59,6% |
| | Кога би имале повеке финансии | 72 | 47,7% |
| | Ако за тоа би добиле даночно олеснување | 52 | 34,4% |
| | Ако донациите се упатени за значајни програми | 48 | 31,8% |
| | Ако верувате на организацијата која има потреба од донација | 39 | 25,8% |
| | Ако со промоција на организација се промовира претпријатието | 28 | 18,5% |
| | Ако тоа од Вашето претпријатие лично се побара | 23 | 15,2% |
| | Ако би постоеле едноставни начини за донирање | 18 | 11,9% |
| | Ако соработката со организација ги зголеми финансиите | 12 | 7,9% |
| | Ако би добиле благодарница или признание | 4 | 2,6% |
| | Одбива да одговори | 3 | 2,0% |
| | Не знае | 2 | 1,3% |
| Тотал | | 151 | 258,9% |

Во најголемиот број од случаите 60% од испитаниците навеле дека би донирале во хуманитарна организација ако точно се запознаени со тоа за што би се користеле средствата, 48% од испитаниците истакнале дека би донирале кога би имале повеќе финансии, 34% рекле дека би донирале ако за тоа би добиле даночно олеснување, 32% спомнале дека би донирале ако донациите се упатени за значајни програми, 26% изразиле подготвеност да донираат доколку имаат доверба во организацијата која има потреба од донација итн (во однос на ова прашање, испитаниците имаа можност за повеќе одговори).

*Табела 17*

| | | Големина на претпријатието | | | Тотал |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Мало претпријатие (од 1 до 10 вработени) | Средно претпријатие (од 11 до 50 вработени) | Големо претпријатие (51+ вработени) | |
| Под кои услови би донирале во хуманитарна организација? | Ако сте точно запознаени за што би се користеле средствата | 48.6% | 63.4% | 62.8% | 59.6% |
| | Кога би имале повеќе финансии | 73.0% | 45.1% | 30.2% | 47.7% |
| | Ако за тоа би добиле даночно олеснување | 37.8% | 36.6% | 27.9% | 34.4% |
| | Ако донациите се упатени за значајни програми | 21.6% | 40.8% | 25.6% | 31.8% |
| | Ако верувате на организацијата која има потреба од донација | 24.3% | 29.6% | 20.9% | 25.8% |
| | Ако со промоција на организација се промовира претпријатието | 29.7% | 18.3% | 9.3% | 18.5% |
| | Ако тоа од Вашето претпријатие лично се побара | 8.1% | 15.5% | 20.9% | 15.2% |
| | Ако би постоеле едноставни начини за донирање | 8.1% | 12.7% | 14.0% | 11.9% |
| | Ако соработката со организација ги зголеми финансиите | 8.1% | 5.6% | 11.6% | 7.9% |
| | Ако би добиле благодарница или признание | | 4.2% | 2.3% | 2.6% |
| | Одбива да одговори | | 1.4% | 4.7% | 2.0% |
| | Не знае | | | 4.7% | 1.3% |
| Тотал | | 259.5% | 273.2% | 234.9% | 258.9% |

Кај малите претпријатија претставниците најчесто истакнале дека би донирале кога би имале повеќе финанси а на второ место истакнале дека би донирале ако се точно запознаени за што би се користеле средствата. Кај средните и големите претпријатија претставниците најчесто истакнале дека би донирале ако се точно запознаени за што би се користеле средствата, а потоа дека би донирале кога би имале повеќе финансии или ако за тоа добијат даночно олеснување.

*Табела 18*

| Под кои услови би донирале во хуманитарна организација? | Дали донациите (паричните средства и хуманитарната помош) кои се дадени на Црвениот Крст на РМ се | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Да, секогаш се користат за вистинската намена | | Понекогаш се користат за вистинската намена | |
| | испитаници | % | испитаници | % |
| Ако сте точно запознаени за што би се користеле средствата | 25 | 52,1% | 48 | 62,3% |
| Кога би имале повеке финансии | 24 | 50,0% | 39 | 50,6% |
| Ако за тоа би добиле даночно олеснување | 16 | 33,3% | 27 | 35,1% |
| Ако донациите се упатени за значајни програми | 12 | 25,0% | 29 | 37,7% |
| Ако верувате на организацијата која има потреба од донација | 11 | 22,9% | 22 | 28,6% |
| Ако со промоција на организација се промовира претпријатието | 13 | 27,1% | 11 | 14,3% |
| Ако тоа од Вашето претпријатие лично се побара | 13 | 27,1% | 8 | 10,4% |
| Ако би постоеле едноставни начини за донирање | 6 | 12,5% | 10 | 13,0% |
| Ако соработката со организација ги зголеми финансиите | 4 | 8,3% | 6 | 7,8% |
| Ако би добиле благодарница или признание | 2 | 4,2% | 2 | 2,6% |
| Одбива да одговори | 2 | 4,2% | 1 | 1,3% |
| Не знае | | | 2 | 2,6% |
| Тотал | 48 | 266,7% | 77 | 266,2% |

Испитаниците кои што позитивно одговориле на прашањето дека паричните средства и хуманитарната помош кои се дадени на Црвениот Крст се користат за вистинска намена истакнале дека би донирале под услов ако се точно запознаени за што би се користеле средствата. На второ место испитаниците кои позитивно одговориле на прашањето дека паричните средства и хуманитарната помош кои се дадени на Црвениот Крст се користат за вистинска намена рекле дека би донирале кога би имале повеќе финансии и на трето место се издвојуваат одговорите кои се однесуваат на евентуално даночно олеснување.

## 1.5 Соработка со невладиниот сектор

**Т13. Дали Вашето претпријатие/ компанија има план/ програма за соработка со невладин сектор?**

Само 7% од вкупниот број на претпријатија имаат некаков план или програма за соработка со невладиниот сектор, наспроти 68% кои немаат таква програма ниту пак размислувале за тоа. Од друга страна пак 25% од претпријатијата размислуваат за развивање на таков план или програма.

***Табела 19***

| | | Големина на претпријатието | | | Тотал |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Мало претпријатие (од 1 до 10 вработени) | Средно претпријатие (од 11 до 50 вработени) | Големо претпријатие (51+ вработени) | |
| Дали Вашето претпријатие има план или програма за соработка со невладин сектор? | Не, немаме и не сме размислувале за тоа | 83.8% | 63.4% | 62.8% | 68.2% |
| | Не, но размислуваме за развивање на таков план или програма | 16.2% | 31.0% | 23.3% | 25.2% |
| | Да, имаме | | 5.6% | 14.0% | 6.6% |
| Тотал | | 100.0% | 100.0% | 100.0% | 100.0% |

Во случајот со малите претпријатија најмногу испитаници (84%) одговориле дека ниту имаат ниту размислуваат за програма за соработка со невладин сектор. Околу 63% од анкетираните средни и големи претпријатија исто така истакнале дека ниту имаат ниту размислуваат за програма за соработка со невладин сектор.

Евентуално развивање на план и програма за соработка со невладин сектор најмногу се насетува низ одговорите на претставниците на средните претпријатија (31%).

Процентот на испитаници кои што одговориле дека имаат програма за соработка со невладин сектор изнаесува 5,6% од 71 средно претпријатие и 14% од 43 големи претпријатија. Кај малите претпријатија нема ниту едно кое има или имало план, односно програма за соработка со невладин сектор.

**Т14. Колку пати Вашето претпријатие/ компанија донирало парични средства за хуманитарни цели?**

Најголем број од претпријатијата 64% донирале по неколку пати парични средства во хуманитарни цели, 7% од нив направиле донација само еднаш, а 8% донираат континуирано. Наспроти тоа 21% од претпријатијата никогаш досега не донирале парични средства во хуманитарни цели.

***Табела 20***

| | | Големина на претпријатието | | | Тотал |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Мало претпријатие (од 1 до 10 вработени) | Средно претпријатие (од 11 до 50 вработени) | Големо претпријатие (51+ вработени) | |
| Колку пати Вашето претпријатие донирало парични средства за хуманитарни цели? | Неколку пати | 56.8% | 63.4% | 69.8% | 63.6% |
| | До сега не сме донирале парични средства за хуманитарни цели | 35.1% | 19.7% | 9.3% | 20.5% |
| | Редовно донираме | 2.7% | 8.5% | 11.6% | 7.9% |
| | Еднаш | 5.4% | 8.5% | 4.7% | 6.6% |
| | Одбива да одговори | | | 4.7% | 1.3% |
| Тотал | | 100.0% | 100.0% | 100.0% | 100.0% |

Најчесто претставниците на претпријатијата истакнувале дека досега неколку пати данирале парични средства.

Процентот на мали претпријатија кои до сега не донирале парични средства за хуманитарни цели е двојно поголем од процентот на средни претпријатија односно тројно поголем од процентот кој се однесува на големите претпријатија кои исто така немале донирано парични средства.

**Т15. Која е најмалата и најголемата сума која Вашето претпријатие/компанија ја донирало досега за хуманитарни цели?**

На прашањето "*Која е најмалата сума која Вашето претпријатие ја донирало досега за хуманитарни цели?*" од вкупно 89 испитаници кои донирале за хуманитарни цели, распонот на одговори се движи од 100 до 120000 денари. Земајќи ги во просек истакнатите суми, просечната изнесува околу 9000 денари, додека најчесто повторувана вредност е сумата од 3000 денари.

На прашањето "*Која е најголемата сума која Вашето претпријатие ја донирало досега за хуманитарни цели?*", од вкупно 83 испитаници кои донирале за хуманитарни цели, распонот на одговори се движи од 2500 до 1000000 денари. Земајќи ги во просек истакнатите суми, просечната изнесува околу 127000 денари, додека најчесто повторувана вредност е сумата од 15000 денари.

***Табела 21***

Која е најмалата сума која Васето претпријатие ја донирало досега за хуманитарни цели?

| | | |
|---|---|---|
| | Одговориле | 89 |
| | Без одговор | 62 |
| Средна вредност | | 9116,85 |
| Најчесто повторувана вредност | | 3000,00 |

***Табела 22***

Која е најголемата сума која Васето претпријатие ја донирало досега за хуманитарни цели?

| | | |
|---|---|---|
| | Одговориле | 83 |
| | Без одговор | 68 |
| Средна вредност | | 127226,51 |
| Најчесто повторувана вредност | | 15000,00 |

**Т16. Кое од следниве тврдења најмногу одговара со политиката на Вашето претпријатие/ компанија во врска со давање донации?**

Во однос на донирањето 55% од претпријатијата би донирале, односно веќе донирале средства на голема хуманитарна организација, а 36% од претпријатијата би донирале/ веќе донирале средства на мала хуманитарна организација. 64% од претпријатијата би поддржале конкретен проект на одредена хуманитарна организација, додека 31% од нив би поддржале повеќе активности на одредена хуманитарна организација. 33% од претпријатијата би поддржале директно одредено лице, а 64% би поддржале хуманитарна организација. Од горенаведеното може да се заклучи дека

најголемиот дел од анкетираните претпријатија во Македонија би донирале свои средства за конкретен проект во некоја голема хуманитарна организација.

***Табела 23***

| Која е политиката на Вашето претпријатие во врска со давање донации: | | | |
|---|---|---|---|
| % | Мало претпријатие (од 1 до 10 вработени) | Средно претпријатие (од 11 до 50 вработени) | Големо претпријатие (51+ вработени) |
| Донираме-Би донирале на голема хуманитарна организација | 24.1 | 39.8 | 36.1 |
| Донираме -Би донирале на мала хуманитарна организација | 25.9 | 53.7 | 20.4 |
| Поддржуваме-Би поддржале проект на хуманитарна организација | 24.0 | 43.8 | 32.3 |
| Поддржуваме-Би поддржале активности на хуманитарна организација | 25.5 | 53.2 | 21.3 |
| Поддржуваме или Би поддржале директно одредено лице | 24.5 | 38.8 | 36.7 |
| Поддржуваме или Би поддржале хуманитарна организација | 24.7 | 49.5 | 25.8 |
| **Вкупен број на претпријатија (151)** | **37** | **71** | **43** |

Претставниците од средните претпријатија во однос на големите и малите претпријатија во најголем дел истакнале дека би донирале/ поддржале, голема/ мала хуманитарна организација, проект/ активности на хуманитарна организација, односно директно одредено лице/ хуманитарна организација.

***Табела 24***

| | | Која е политиката на Вашето претпријатие во врска со давање донации? | |
|---|---|---|---|
| | | Донираме-Би донирале на голема хуманитарна организација | |
| | | испитаници | % |
| | Поддржуваме-Би поддржале проект на хуманитарна организација | 63 | 76.8% |
| | Поддржуваме-Би поддржале активности на хуманитарна организација | 19 | 23.2% |
| Тотал | | 82 | 100.0% |

Од вкупниот број на испитаници (82 испитаници од 151)кои што истакнале дека би донирале на голема хуманитарна организација, 63 односно 76,8% тоа би го сториле поддржувајќи конкретен проект на одредена организација. 19 анкетирани претпријатија односно 23,2% би поддржале повеќе активности на одредена организација.

***Табела 25***

| | | Која е политиката на Вашето претпријатие во врска со давање донации? | |
|---|---|---|---|
| | | Донираме -Би донирале на мала хуманитарна организација | |
| | | испитаници | % |
| | Поддржуваме-Би поддржале проект на хуманитарна организација | 29 | 53.7% |
